*Александар АНДРЕЕВСКИ*

## *РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“*

*Другари и другарки*

*Драги гости,*

*Имам пријатна должност и особено задоволство, од името на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, да го отворам овој свечен собир, по повод стогодишнината од смртта на Карл Маркс, најдалековидниот мислител на деветнаесеттиот век и да ги поздравам сите присутни.*

*Со овој свечен собир, посветен на грандиозното дело на Маркс, ние се вклучуваме во светската прослава на овој великан на новата епоха, а во рамките на еднонеделната научна манифестација, што ја организира Филозофскиот факултет во Скопје, ќе бидат изнесени бројни реферати од нашите еминентни познавачи на марксизмот.*

*Другари и другарки,*

*Учењето на Маркс и на неговите следбеници за законите на развојот на општеството и природата, за ослободувањето на експлоатираните класи, за пролетерската револуција и за патиштата на победата на комунизмот настанува во време кога пролетеријатот организирано стапува на светската сцена и тоа постанува идејно оружје на работничката класа во борбата за преобразба на светот.*

*Марксизмот претставува ново учење насочено кон наполно изменета улога и мисија на човекот во светот и сосема нова димензија во согледувањето на историјата и природата.*

*Во процесот на свесна акција на работничката класа да ја реши основната противречност на капитализмот, противречноста помеѓу општествениот карактер на производството и приватното присвојување, нужно доаѓа во различни форми и степени, по симнувањето на буржоазијата од власт, до воспоста-*

*вување диктатура на пролетаријатот, како политичка основа за изградување на бескласно општество. Следователно, крајната цел на теоретските напори на марксизмот и на неговите практични настојувања е суштинската промена на односите меѓу луѓето и нивното хуманизирање. Преку откривање на конкретен пат за остварување подобар и подостоен живот на луѓето, марксизмот претставува реален хуманизам.*

*И нашава современа стварност поставува бројни проблеми и дава соодветни решенија, во зависност од историските и економските услови и можности, со кои постојано се збогатува и актуализира, марксизмот, односно марксизмот-ленинизмот.*

*Во денешниов свет, поделен и поларизиран на исток и запад, развиен и неразвиен, врзан и неврзан, наполно е јасно дека внатре, во едно социјалистичко општество ниту во односите спрема други социјалистички земји, со нехумани средства и методи, не може да се оствари социјализам.*

*Денес, повеќе од кога и да е, се поставува во прв план Марксовата хуманистичка мисла дека прва и основна претпоставка на социјализмот е реалниот хуманизам и ослободување на човекот, поради што ова учење добива толку многу приврзаници и борци во целиот свет. Во спротивно, во секоја социјалистичка револуција постои латентна опасност и потенцијална можност на свртување кон етатизам и бирократизам, доколку одумирањето на државата низ реална демократија и вистинско учество на народот во власта и на производителите во делбата на она што го произведуваат не биде секојдневен процес.*

*Историски факт е дека новите искуства постојано ја збогатуваат марксистичко-ленинистичката теорија, па во таа смисла и нашата, југословенска практика, претставува своевиден нов, силен придонес кон нејзиниот развој и продлабочување. Таа, помеѓу другото се очитува во реализацијата на самоуправните односи во производството, што секако претставува битна основа за вистинско, демократско хуманизирање на целото наше општество. Сето тоа воедно значи нов теоретски и практичен квалитет во историскиот развој на севкупната марксистичко-ленинистичка концепција. Тоа е уште еден доказ, дека марксизмот не е никаков априорен систем, шема или догма, даден еднаш за секогаш, туку со изучувањето и откривањето на суштината на постојните општествени односи и појави, тој се наоѓа во траен развој и останува силно оружје за изнаоѓање најадекватен пат за дефинитивно ослободување на човекот ширум сите меридијани.*